**20250130336**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КАТАЛОГОТ НА ОДОБРЕНИ УЧЕБНИЦИ ЗА УПОТРЕБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Каталогот на одобрени учебници за употреба.

Член 2

Каталогот на одобрени учебници, кој се води во електронска форма, ги содржи следните податоци согласно Законот за учебници за основно и средно образование, и тоа:

- назив на учебникот,
- назив на предметот, одделение/година и образование,
- број и датум на одлуката/решението со која се одобрува учебникот за употреба,
- посебни напомени во врска со печатење и употреба (сектор, квалификација, редовен/изборен наставен предмет),
- име и презиме на автор/и на учебникот,
- име и презиме на рецензентите,
- име и презиме на илустраторот,
- име и презиме на лице кое извршило графичко и техничко уредување и правен субјект,
- име и презиме на преведувачот ако учебникот се преведува,
- име и презиме на јазичниот лектор,
- име и презиме на стручен редактор,
- име и презиме на уредникот,
- назив и седиште на издавачот,
- назив и седиште на печатарот,
- тираж на учебникот,
- година на печатење и
- ИСБН (ISBN) број или ЦИП Каталогизација во публикација на Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје.

Член 3

Каталогот на одобрени учебници за употреба се организира во два дела, и тоа:

- одобрени учебници  за употреба за основно образование и
- одобрени учебници за употреба за средно образование.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на Каталогот на одобрени  учебници за употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/17).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1014/1
20 јануари 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.